ОПШТИНА ДОЛНЕНИ/KOMUNA E DOLLNENIT

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Бр.03-663/5
од 31.05.2022год.
Долнени/Dollnen

Врз основа на член 28 став 4 од Законот за урбанистичко планирање (Службен Весник на РМ бр.32/20), член 50, точка 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), член 26 од Статутот на Општина Долнени, Градоначалникот на Општина Долнени, го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е

**Се организира јавна анкета и јавна презентација** на измена и дополна на Урбанистички план за село Дебреште, КО Дебреште, општина Долнени, изработен од АРКУС ПРОЕКТ ДОО Прилеп, со тех. број 06/21 од Февруари 2022 година.

Вкупната површина на планскиот опфат е 234,82 ха.

Јавната анкета и јавната презентација на измена и дополна на Урбанистички план за село Дебреште, КО Дебреште, општина Долнени, ќе се спроведе со излагање на планот во просториите на Општина Долнени-Подрачни канцеларии во Ропотово и на интернет страната на општината www.opstinadolneni.gov.mk.
**Јавната анкета ќе трае 5 работни дена од 24.06.2022 до 30.06.2022г. секој работен ден од 9,00 до 14,00 часот**.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на **ден 30.06.2022г. во 11:00 часот** во просториите на Општина Долнени-Подрачни канцеларии во Ропотово.

ГРАДОНАЧАЛНИК/KRYETARI
Општина Долнени/Komuna e Dollnenit
Урим Ибески/Urim Ibeski

Изработил: Горан Нинески

Проверил/Одобрил: Сатки Мифтароски

Urim Ibeski

Digitally signed by Urim Ibeski
DN: c=MK, ou=VAT - 4021004146362, ou=ELS, 2.5.4.97=NTRMK-5995108, o=Opstina Dolneni, serialNumber=165562, title=Gradonacalnik, sn=Ibeski, givenName=Urim, cn=Urim Ibeski
Date: 2022.05.31 10:39:29 +02'00'